ТИТОВ ВРВ 2019
25-26 МАЈ
ПОПОВА ШАПКА

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ ЉУБОТЕН 1925
www.pkljuboten.org.mk
kontakt@pkljuboten.org.mk
ул. „К.Ј. Питу“, бр. 6, Тетово Р.С.Македонија

# ПОКАНА

## ЗА 38МО ТРАДИЦИОНАЛНО ИСКАЧУВАЊЕ НА ТИТОВ ВРВ 2019

Планинарски Клуб „Љуботен“ – Тетово по триесет и осми пат го организира традиционалното искачување на Титов Врв, кое само по себе низ годините стана препознатлив планинарски бренд во Република Македонија. Со вакви настани, нашата земја гради традиција која трае и нѐ претставува пред меѓународната јавност, истакнувајќи ја грижата за здравјето и благосостојбата на населението, зачувувањето на природата и стремежот кон одржливо живеење и одржлив развој.

**Настанот е дел од кампањата „ЕУ за ТЕБЕ“
организирана од Канцеларијата на ЕУ во Скопје.**

Со цел да се одржи високо ниво на безбедност и организираност, согласно препораките на ФПСМ - Федерацијата на Планинарски Спортови на Македонија за „Организација на големи традиционални планинарски акции“, Планинарскиот Клуб „Љуботен“ ги поканува сите друштва/клубови и организирани здруженија да земат учество на овој заеднички планинарски настан. Сите заинтересирани друштва/клубови и организирани здруженија задолжително е да се пријават *(формулар за пријавување и изјава на координаторот - во прилог)*, со што би стекнале статус на учесник во организирана активност.

### СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕВОЗ

- Превозот до Попова Шапка е во сопствена организација.
- Обезбедено е ноќевање во:
    - Хотелските капацитети на Попова Шапка по цена од **600 ден. (10 €)**
    - Планинарски домови на Попова Шапка по цена од **300 ден. (5 €)**
- Ве молиме, благовремено **и најдоцна до 21.05.2019 г. да го пријавите Вашето учество**, за да можеме да го организираме сместувањето во обезбедените сместувачки капацитети. (за дополнителни информации Ви стоиме на располагање).

### КОНТАКТИ

- Игор Стојаноски – моб: **+389 (0) 77 894 661**
- Дорис Таневска – моб: **+389 (0) 70 299 457**
- e-mail: **kontakt@pkljuboten.org.mk**

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ ЉУБОТЕН
1925
www.pkljuboten.org.mk
kontakt@pkljuboten.org.mk
ул. „К.Ј. Питу“, бр. 6, Тетово Р.С.Македонија

## ПРОГРАМА НА НАСТАНОТ

**25 мај 2019 (сабота):**

- **12:00 часот – 18:00 часот** – пријавување на друштвата/клубовите и организираните здруженија во сместувачките капацитети на Попова Шапка кај одговорните лица на П.К. „Љуботен“ и сместување на пријавените учесници
- **12:00 часот – 14:00 часот** – акција за чистење на смет во близина на хотелот „Попова Шапка“ **#TrashTagChallenge**
- **14:00 часот – 16:00 часот** –Трибина на тема: „Планинарењето, поттик за здрави навики кај младите“, организирано од Младинска Комисија при ФПСМ
- **16:00 часот – 18:00 часот** – забавно-едукативни игри за сите пријавени учесници
- **19:00 часот** – свечено отворање на настанот во холот на хотелот **„Попова Шапка“ – Попова Шапка**
- **19:30 часот** – состанок со координаторите на групите на кој ќе бидат детално објаснети условите за искачувањето и доделување на дипломите за учество
- **20:00 часот – 23:00 часот** - планинарско дружење и забава

**26 мај 2019 (недела):**

- **06:30 часот** – Тргнување на колоната од платото пред хотел „Попова Шапка“ кон Титов Врв по **„Вакуфска Патека“!**
- **11:00 часот** – пристигнување на колоната на Титов Врв.
- **12:00 часот** – тргнување на колоната од Титов Врв кон Попова Шапка.
- **16:00 часот** – пристигнување на Попова Шапка, послужување со планинарски чај организиран од „**Пријателите на Шара**“, испраќање на гостите и затворање на настанот.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавувањето може да се изврши:

- со испраќање на скенирани оригинални формулари и изјави (*во прилог*), на официјалната маил адреса на П.К. Љуботен - **kontakt@pkljuboten.org.mk**, најдоцна до **21.05.2019 г., до 19:00 часот** и со доставување на пополнети оригинални формулари при пристигнување на друштвата/клубовите и организираните здруженија во сместувачките капацитети на **25.05.2019 г., до 18:00 часот** или
- со пополнување на формулари и изјави при пристигнување на друштвата/клубовите и организираните здруженија во сместувачките капацитети на **25.05.2019 г., до 18:00 часот**.
- Пријавувањето се врши со цел верификација за учество на 38$^{\text{то}}$ традиционално искачување „Титов Врв 2019“ на друштвата/клубовите и организираните здруженија и доделување на диплома за учество.

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ ЉУБОТЕН
1925
www.pkljuboten.org.mk
kontakt@pkljuboten.org.mk
ул. „К.Ј. Питу", бр. 6, Тетово Р.С.Македонија

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИСКАЧУВАЊЕТО

- Движењето се одвива по Вакуфска Патека во организирана колона по наведента програма!
- GPS податок за патеката Ви доставуваме во прилог!
- Координаторите на друштвата/клубовите и организираните здруженија, задолжително да присуствуваат на состанокот со координаторите! Истите при пријавувањето ќе добијат акредитација.
- Координаторите на друштвата/клубовите и организираните здруженија се одговорни за пријавените членови од матичниот клуб и секој координатор потребно е да има обезбедено доволен број на водичи сразмерно на бројот на пријавени учесници од матичните клубови - согласно препораките на ФПСМ *(„упатство за број на учесници во планинарска акција за планинарски водичи“)*
- Исхраната е сопствена, индивидуално предвидена за планинарска тура до 10 часа!
- За искачувањето потребна е соодветна планинарска опрема за во зимски услови!
- Секој од учесниците треба да биде во добра психофизичка кондиција!
- Сите индивидуални лица кои сакаат да земат учество на настанот мора да се приклучат кон одредено друштво/клуб и организирано здружение со формална пријава.
- Организаторот го задржува правото за промена на програмата во зависност од временските услови.

## ПРЕПОРАКИ НА ФПСМ

Сите учесници се должни да се придржуваат кон следниве препораки:

- „Движење низ планина во зимски услови“ *(линк до документот)*
- „Препораки за опрема“ *(линк до документот)*
- „Безбедна посета на планините во зима бидете подготвени и одговорни“ *(линк до документот)*
- „Кодекс на честа на македонските планинари“*(линк до документот)*

**Напомена:** Планинарскиот Клуб „Љуботен“ не одговара за последиците кои би се случиле вон оваа програма, како и за учесници кои немаат доставен формулар за пријава! **Сите формално непријавени друштва/клубови и организирани здруженија и учесници се смета дека не се дел од организацијата на 38$^{\text{то}}$ традиционално искачување „Титов Врв 2019“.**

ТИТОВ ВРВ 2019
25-26 МАЈ
ПОПОВА ШАПКА

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ ЉУБОТЕН
1925
www.pkljuboten.org.mk
kontakt@pkljuboten.org.mk
ул. „К.Ј. Питу“, бр. 6, Тетово Р.С.Македонија

**ИЗЈАВА НА КООРДИНАТОРОТ**

Јас подолупотпишаниот / ната ________________________________________ (име и презиме), со бр. на лична карта / пасош ___________________, ЕМБГ __________________________, легитимација со __________________________, издадена од матичното друштво/клуб/здружение __________________________________________, при здрав разум, чиста свест, слободна волја, целосна (материјална, кривична и било каква) одговорност, го прифаќам следното:

1. Со оваа изјава потврдувам дека сум во добра психофизичка состојба потребна за традиционалната планинарската акција „Титов Врв 2019“, организирана на 26.05.2019 година и прифаќам да бидам учесник во истата.
2. Целосно сум запознаен/на со програмата на настанот и ги прифаќам правилата за однесување пред, за време и по завршување на акцијата пропишани од страна на организаторот, препораките и одлуките на организаторот на акцијата и препораките на ФПСМ. Истите ќе ги следам и ќе се придржувам до нив.
3. Ќе ги информирам пријавените учесници ***(формулар во прилог*)** на матичното друштво/клуб/организирано здружение за:

- програмата на настанот, прифаќање на правилата за однесување пред, за време и по завршување на акцијата пропишани од страна на организаторот, препораките и одлуките на организаторот на акцијата и препораките на ФПСМ;
- безбедно и внимателно движење по патеката и преземање на целосна лична одговорност (материјална, кривична и било каква друга) за последиците од ризиците кои ќе ги преземеме при движење на патеката;
- да се свесени за ризиците по здравјето и телото кои за време на една ваква акција евентуално може да се појават и истите да ги прифатат како такви, и со тоа да го ослободиме организаторот од одговорност за евентуално настанување на тие ризици и
- непочитувањето на правилата и на преземените обврски во текот на акцијата од наша страна ќе значат ослободување на организаторот од било каква одговорност (кривична, материјална или друг вид на одговорност), како и ослободување на организаторот од последиците и преземените дејствија од наша страна.

4. Мојот потпис на оваа изјава претставува моја согласност за споделување со организаторот на моите лични податоци кои се дел од оваа изјава. Организатор има право да ги употреби за моја идентификација за и околу настанот, како и во врска со обврските и одговорностите кои ги имам преземено со оваа изјава.

Датум

___.___.________

Давател на изјава

______________________________

име и презиме, потпис

ТИТОВ ВРВ 2019
25-26 МАЈ
ПОПОВА ШАПКА

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ
ЉУБОТЕН
1925
www.pkljuboten.org.mk
kontakt@pkljuboten.org.mk
ул. „К.Ј. Питу", бр. 6, Тетово Р.С.Македонија

**ФОРМУЛАР ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ - „ТИТОВ ВРВ 2019“**

Друштво/ клуб/ организирано здружение: ____________________________________________

| Име и презиме | бр. лична карта или бр на пасош | Потпис |
|---|---|---|
| Координатор: | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Сите горе потпишани учесници под полна (материјална, кривична и било каква) одговорност, со овој документ **ИЗЈАВУВААТ дека во потполност превземаат сопствена одговорност**, во смисол на безбедност, потенцијални ризици, придржување на правилата на организаторот и препораките на ФПСМ.

Датум

___.___.__________

м.п.

Друштво/ Клуб/ Здружение

________________________________